**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Дел. број: 0901/17-5/3**
**Дата: 08.02.2024 година**
**Крушево**

| **СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“- Битола** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| Датум на интегрална евалуација: | од 08-ми до 10-ти ноември 2023 год. |
| Број на извештај: | / Пелагониски / 2023 |
| Раководител на инспекциски тим: | Илија Илиески |
| Вид на училиштето: | средно училиште |
| Основач на училиштето: | Општина Битола |
| Наставен јазик: | македонски јазик |
| Број на ученици: | 686 |
| Полова структура на ученици: | 255 машки и 431 женски |
| Број на наставници: | 50 |
| Претседател на училишниот одбор: | Никола Трајковски |
| ВД-Директор на училиштето: | Лидија Споа |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | 05-07 март 2018 година |
| Адреса на училиштето: | Ул.Булевар 1-ви Мај бр.51-Битола |
| Тел/факс: | 047/238-016 факс: 047/234-224 |
| e-mail: | gimnazija.jbt.bt@gmail.com |
| Оценка од ИЕ | Многу добро (3,56) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, и 30/16 год.) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција, во период од 08-ми до 10-ти ноември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“, општина Битола.

За време на надзорот, тимот инспекторите ги спроведе сите планирани активности предвидени со законот за средно образование, користејќи ги индикаторите за квалитет на работата на училиштата. За време на надзорот во училиштето се посетија наставници кои реализираат настава во училиштето. Се одржаа планираните состаноци со Директорот на училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители, стручните соработници, со претседатели на стручни активи и се водеа разговори со фокус група на ученици.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетата на наставни часови, анализа на дадените одговори, коментари и мислења од доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека целокупната работа во училиштето е **многу добра (3.56)**.

Воспитно образовната работа во училиштето се остварува во согласност со наставниот план за гимназиско образование и според наставните програми за гимназиско образование со следните подрачја: природно-математичко, комбинација А и Б, општествено-хуманистичко, комбинација А и Б и јазично-уметничко, комбинација А и Б. Истите се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и се реализираат во пропишаниот обем.

Во училиштето во редовната настава има вклучено еден ученик со посебни образовни потреби-телесни пречки во физичкиот развој. Училиштето има формирано инклузивен тим за ученикот и изготвена програма за работа на тимот. Со ученикот се работи по индивидуален образовен план по наставниот предмет спорт и спортски активности. Училиштето за ученикот со телесни пречки во развојот има обезбедено личен асистент.

Стручната служба и наставниците во текот на наставата вршат идентификација на ученици со потешкотии во учењето и на надарени ученици. Стручната служба има изготвено програми за работа со надарени и талентирани ученици и програма за работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето.

Во училиштето задолжително се реализираат програми за дополнителна и додатна настава. Во училиштето се реализираат проектни активности за учениците од прва до четврта година, согласно наставниот план за гимназиско образование.

Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, согласно наставниот план. Изборот на изборните предмети од наставниот план, учениците го вршат со анкета меѓу учениците, а при тоа се почитува желбата и потребата на учениците.

Во училиштето се реализира проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ (МИМО). Формиран е тим за меѓуетничка интеграција и училиштето има потпишано меморандум за соработка со СОУ„Д-р. Ибрахим Темо“-Струга.

Во последните три учебни години во училиштето се реализирани голем број на воннаставни активности и истите ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Поголем број наставници планираат и реализираат воннаставни активности во рамките на својот предмет. Училиштето дава значителна поддршка на учениците во учеството на голем број натпревари од различни области, што се организираат на општинско,

регионално, државно и меѓународно ниво, на кои учениците освојуваат голем број награди.

Во училиштето формиран е Училишен спортски клуб „Гимназијалец“ кој постигнува забележителни резултати во повеќе спортски области на државно и на меѓународно ниво.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, по пол, по паралелки, учебни години и за сите квалификациони периоди на ниво на училиште. Постигањата на учениците се многу добри.

Во училиштето се почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште.

Сите наставници изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативен план за наставен час, во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Во тематските планирања наставниците планираат цели, очекувани исходи, користење на ИКТ, активни методи, техники и стратегии, наставни средства и технички помагала, критериуми и стандарди за оценување, еколошки содржини, содржини за меѓуетничка интеграција и друго.

Во училиштето има функционално мрежно поврзани компјутери во два кабинети и тоа: во кабинетот по информатика и во кабинетот по физика. За сите наставници училиштето има обезбедено лап топи. Во секоја училница има поставено smart-TV приемник.

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците користат различни методи и инструменти за формативно и сумативно оценување.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата и на вработените лица.

Пристапите до училишниот објект во приземјето и во спортската сала се приспособени за потребите на лица со телесни пречки во развојот. Училиштето има обезбедено тоалет за лица со телесни пречки.

Училиштето има обучени лица за давање прва помош на лица при несреќи и обучени лица за ракување со противпожарни апарати. истите поседуваат сертификати. За сите вработени лица реализирана е обука за безбедно извршување на работа. Училиштето има изведено симулација на спасување на лица во случај на пожар и други елементарни непогоди и несреќи.

Во училиштето има усвоено кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите и куќен ред за однесување на сите вработени и со истите се дефинирани сите облици на однесување на субјектите во воспитно образовнот процес во училиштето.

Училиштето навремено и редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните објекти. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, скалите, тоалетите и во спортската сала е добра.

Во училиштето има пропишана процедура за грижа на здравјето на учениците и вработените. Редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на вработените како и редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците.

Наставниците водат уредна педагошка евиденција и документација за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа на наставниците и постигањата на учениците. Препознатлимо е по реномето што го има со години како

најдобро средно училиште во градот и пошироко, добрата клима и односи во училиштето, високиот квалитет на учење и настава, што го нуди и бара од своите ученици, како и успехот на голем број ученици што го постигнуваат по завршување на средното образование.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Постои работна атмосвера за време на настава и вonnаставните активности. Во училиштето не се регистрирани случаеви на психичко и физичко малтретирање и не постои меѓунационално нетрпение меѓу учениците.

Наставниот кадар е почитуван од страна на учениците и родителите. Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата.

Училиштето располага со доволен број на наставни средства и технички помагала.

Реализацијата на наставата по наставниот предмет спорт и спортски активности се реализира во спортска сала, опремена со спортски справи и спортски реквизити.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење.

Во училиштето континуирано се следат потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето има план за професионален развој на наставниците и стручните соработници со конкретни активности. Наставниците поседуваат лични планови за професионален и кариерен развој.

Училишен одбор е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има изготвено деловник и програма за работа. Училиштето нема обезбедено обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководењето на училиштето е многу добро. Успехот на ова училиште е и успех на претходните директори, како и на професионалниот однос кон работата на наставниците и стручните соработници. Директор на училиштето како раководен орган има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става меѓусебното почитување и соработка, подобрувањето на условите за работа на училиштето, обуки за наставниот кадар, транспарентност и правичност во сите сегменти на работа.

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето има формирано училишен спортски клуб кој е запишан во Централен регистар на РМ како УСК „Гимназијалец“- Ботола.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа (дел. бр. 01-247/1 од 24.08.2023 год.) и истата е усвоена од Советот на Општина Битола.

Училиштето има изготвено Самоевалуација за период од две учебни години (дел.бр.01-347/1 од 29.08.2022 год.) и План за развој за период од четири години 2020-2023 со дел.бр. 01-431/2 од 29.11.2019 год.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ е лоцирано во централното градско подрачје на ул. Булевар 1-ви Мај бр. 51 - Битола.

Почетоците на средното образование во Битолската гимназија датираат од 1892 година, како Турско Идадие, односно средно училиште. Во периодот од 1945 до 1952 година, Гимназијата работи како полна гимназија, под името „Гоце Делчев“, а со одлука на Советот за просвета, наука и култура од Битола, во 1952 година се преименува во Гимназија „ Јосип Броз Тито“ и тоа име го задржува до денес.

Дејноста на училиштето е верифицирана со решение бр.09-2474/2 од 07.06.2004 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје.

Наставата се реализира според наставните програми за гимназиско образование со следните подрачја: природно-математичко, општествено-хуманистичко и јазично-уметничко подрачје. Наставните содржини од овие подрачја се реализираа преку задолжителни предмети, изборни предмети и проектни активности.

Во учебната 2023/2024 година запишани се вкупно 686 ученици, распоредени во 24 паралелки. Наставата во училиштето се остварува на македонски наставен јазик во еден училишен објект, во две смени. Во училиштето има две билингвални паралелки во прва и втора година во кои настава по одделни наставни предмети се реализира на македонски и француски наставен јазик.

Во воспитно образовниот процес вклучени се вкупно 50 наставници, од кои 39 наставници на неопределено работно време и 11 наставници на определено работно време. Во оваа учебна година вработени се тројца наставници-приправници, за кои училиштето има назначено ментори.

Стручната служба е составена од педагог, психолог, социолог и тројца библиотекари, од кои двајца дополнуваат часови во настава. Административната работа ја вршат двајца административни службеници-секретар и благајник. Од помошно-технички лица во училиштето вработени се вкупно десет лица, од кои седум хигиеничари, еден хаус мајстор/одржувач на парно греење и дваца ноќни чувари.

Училиштето е запишано во Централниот регистар на РМ под дел. број 30420220000842 од 16.08.2022 година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“-Битола се остварува во согласност со наставниот план за гимназиско образование и според

наставните програми за гимназиско образование со следните подрачја: природно-математичко, комбинација А и Б, општествено-хуманистичко, комбинација А и Б и јазично-уметничко, комбинација А и Б. Истите се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и се реализираат во пропишаниот обем.

Училиштето на почетокот од секоја учебна година ги информира учениците и родителите за наставните планови и програми, преку отворен ден на училиштето, флаер за училиштето, како и преку web-сајтот на училиштето (www-gimnazija-jbt-bitola.edu.mk), додека родителите на родителските средби се запознаваат со целите на наставните програми по секој наставен предмет.

Во училиштето има формирано инклузивен тим, а стручната служба има изготвено насоки за работа со деца со посебни образовни потреби. Во училиштето има еден ученик со телесни пречки во развојот и за истиот инклузивниот тим изготвува индивидуална образовна програма по наставниот предмет спорт и спортски активности.

Во училиштето има пропишана процедура за планирање и реализација на активности од меѓуетничка интеграција во образовнието, кои се планираат и реализираат во најголем број наставни предмети. При ова училиштето соработува со партнер училиште СОУ „Д-р Ибрахим Темо“- Струга. Во сите наставни предмети се испланирани најмалку два наставни часа со МИО содржини со цел постигнување на целите од меѓуетничката интеграција и градење на интегрирано општество и надминување на предрасудите и стереотипите.

Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, согласно наставниот план. Изборот на наставни предмети на учениците им се дава како можност на крајот од втората и од трета година. Изборот на изборните предмети од наставниот план, учениците го вршат со анкета меѓу учениците, а при тоа се почитува желбата и потребата на учениците.

Во училиштето се реализираат 12 проектни активности за учениците од прва до четврта година, согласно наставниот план за гимназиско образование.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Стручните активи ги разгледуваат наставните планови и програми и разменуваат мислења од аспект на нивната обемност. Од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност се разгледуваат само доколку има иницијативи од наставниците или учениците, односно родителите. Во планирањата на наставниците има мултикултурни содржини, еколошки содржини, а исто така евидентни се примери на вградени особености на локалната средина во поставените цели по одделни наставни предмети.

Значителен број наставници остваруваат меѓупредметни цели како што се: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците, а особено е изразено при реализација на содржините за класен час,  спорт и спортски активности, историја, социологија и други.

Во училиштето во последните три учебни години, од страна на стручните активи има иницијатива за  измена или дополнување на наставните планови и програми во насока на нивно подобрување.

### 1.3. Воннаставни активности

Во последните три учебни години во училиштето се реализирани голем број на воннаставни активности и истите ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Поголем број наставници планираат и реализираат воннаставни активности во рамките

на својот предмет, како: посети на институции, изложби, одбележување на значајни датуми, размена на ученици од други градови и држави, посети на концерти, реализација на интегрирани часови, дебати, работилници, натпревари и др.
Училиштето е вклучено во проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ (МИМО), а вклучено е и во следните проекти:
-РИКО проект, размена на ученици со партнер училиште „Асим Вокши“ од Тирана, Република Албанија.
-Проект „Училишна размена Германија – Македонија;.
-Проект „Патот на помирувањето“, Размена на младински делегации од Македонија, Германија и Израел;
-Размена на ученици со Колеџот „Св.Микаил“ од Фрибуг, Швајцарија;
-Размена на ученици со средното училиште „Томас Паске“ од Кутонск, Нормандија-Франција;
-Еразмус + „Ние и тие пред нас“;
-Проект „Младинско радио“;

Во училиштето формиран е Училишен спортски клуб „Гимназијалец“, со решение на Агенција за спорт и млади (бр. 08-430/4 од 20.03.2013г.) Од 25.02.2011 година УСК „Гимназијалец“ е запишан во Централен регистар на РСМ со деловоден број 30520110000546. Истиот постигнува одлични резултати во повеќе спортски области, особено во ракомет (Балкански шампиони-машки и женски, вице шампиони-женски), ракомет на Гимназијада – женски, пинг-понг, шах и пинг понг учество на Европско училишно првенство и освоено петто место. Училишниот спортски клуб за секоја учебна година изготвува Програма за работа и до наставничкиот совет доставува Извештај за работата.

Во училиштето има мал број ученички секции. Како причини за тоа стручните активи ги наведуваат ангажирањата на учениците во проектните активности и ограничените просторни услови, како и учеството на учениците во други форми на воннаставните активности.

Училиштето дава значителна поддршка на учениците во учеството на голем број натпревари од различни области, што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво, на кои учениците освојуваат голем број награди. Училиштето во учебната 2022/23 година, на државниот натпревар за најдобра ученичка заедница, организиран од Леад и Конрад фондацијата ја освојува наградата за „Најгласна ученичка заедница“ за 2022/2023 година.

Во училиштето се реализираат излети и екскурзии како воннаставни активности. Ученичките излети и екскурзии се спроведуваат во согласност со Правилникот за ученички екскурзии.

Реализацијарата на воннаставните активности е се многу добри.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, по паралелки и години на ниво на училиште. Постигањата на учениците редовно се следат и анализираат од страна на стручната служба, на наставнички и на класните совети. Постигањата на учениците се следат и при хоризонтално и вертикално движење на учениците. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците

од испитите од државната матура, по предмети и споредбени анализи за изминатите три учебни години.

Според изготвените извештаи и прегледи за период од последните три учебни години се констатира дека не се забележани промени во средниот општ успех на учениците на ниво на училиште. Постигањата на учениците се одлични. Општиот успех на постигањата на учениците, во изминатите три учебни години е следниот: за учебна 2020/2021 год. средниот успех е 4,74, за учебната 2021/22 год. средниот успех е 4,65 и за учебна 2022/23год. средниот успех на учениците е 4,53.

Во учебната 2022/23 година, државна матура положиле 187 ученици, од кои еден е вонреден ученик, кој положил државна матура. Средниот просек на постигањата на учениците од државната матура е 4,50. Од горе наведеното се констатира дека нема отстапување по однос на средниот успех на учениците постигнат на крај на наставната година и успехот постигнат на државната матура.

Во училиштето во редовната настава има вклучено еден ученик со посебни образовни потреби-телесни пречки во физичкиот развој. Училиштето има формирано инклузивен тим за ученикот и изготвена програма за работа на тимот. Со ученикот се работи по индивидуален образовен план по наставниот предмет спорт и спортски активности. Училиштето за ученикот со телесни пречки во развојот има обезбедено личен асистент.

Стручната служба и наставниците во текот на наставата вршат идентификација на ученици со потешкотии во учењето и на надарени и талентирани ученици. Стручната служба има изготвено програми за работа со надарени и талентирани ученици и програма за работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето. Преку спроведување на прашалници за ученици и родители стручната служба ги следи и социо-економските димензии на ученикот и семејството.

Во текот на учебната година училиштето реализира дополнителна настава по предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Но поради преоптеретеност на учениците со задолжителни предмети и проектни активности, односно голем број на наставни часа, двосменското работење, како и немањето на слободен училишен простор во училиштето, учениците се соочуваат со потешкотии при реализацијата на дополнителната и додатната настава.

Училиштето им овозможува на учениците премин од едно во друго подрачје со барање од страна на ученикот најкасно заклучно со втора година, за наредната учебна година.

Училиштето редовно организира заеднички активности со ученици од мешан етнички состав со партнер училиштето СОУ „Ибрахим Темо“-Струга. Во изминатата учебна година со партнер училиштето реализирана е заедничка активност со цел запознавање на историското наследство и природните убавини на делови од Македонија, а од посетата учениците реализираа активности од областа на ликовната уметност, изложба на фотографии. Секој наставник на почеток на учебна година во прилог на годишните и тематските планирања доставува план на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Содржините од наведените активности се реализираат во текот на наставната година.

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето врши запишување на ученици во прва година кои ги исполнуваат условите определени со конкурсот. Училиштето организира отворени денови на кои поканети се учениците од завршната година во основните училишта, кои го завршуваат основното

образование, се врши презентација за наставните програми и подрачја, ги запознаваат со просторните услови и со воннаставните активности што ги реализира училиштето.

Училиштето ја следи редовноста на учениците. Класните раководители редовно и навремено доставуаат податоци за бројот на неоправдани и оправдани изостаноци за учениците. Просечниот број на изостаноци во учебна 2020/21 год. е 12 изостанок по ученик, во 2021/22 год. е 34 изостаноци по ученик, а во учебна 2022/23 год. е 44 изостаноци по ученик. Додека просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик е следниот: во учебна 2020/21 год. е под просек еден неоправдан изостанок, во 2021/22 година е 1,4 изостанок по ученик и во учебната 2022/23 год. изнесува во просек по два неоправдани изостанока по ученик.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите и води уредна документација. Родителите редовно се повикуваат на советување и разговор по сите три основи: за намален успех во учењето, нередовно посетување на настава и за несоодветно однесување во училиштето на нивните деца. Во изминатата учебна година реализирани се вкупно 73 советувања на ученици и родители и тоа за намален успех по 33 советувања во првото и второто полугодие за ученици и родители и за нередовно посетување на настава реализирани се вкупно седум советувања. Во изминатата учебна година нема реализирано советување за несоодветно однесување на ученик. После извршените советувања редовноста на учениците во наставата делумно е подобрена, а по однос на подобрување на успехот на учениците има подобрување.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. Во учебната 2022/23 год. седум ученици се испишани, а четири ученици се дополнително запишани од други училишта. Училиштето при премин на ученик во друго училиште ги доставува информациите за постигнатиот успех на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3. Повторување на учениците

Во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повториле учебната година. Во учебната 2022/23 година, еден ученик е пратен на класен испит, по четири наставни предмети, поради оправдано отсуство и направени изостаноци повеќе од две третини од фондот на наставни часови од одредени предмети, утврдени со наставниот план.

Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување на приговор до наставнички совет, ако се незадоволни со некои од годишните оценки, што му се соопштени во рок од три дена од соопштувањето на оценките. Во учебната 2020/21 година, до наставнички совет на училиштето доставени се 10 приговори на ученици по однос на оценки од кои шест приговори се прифатени од наставнички совет. Во учебната 2021/22 година, до наставнички совет на училиштето доставени се 16 приговори на ученици по однос на оценки, од кои девет приговори се прифатени од наставнички совет. Во учебната 2022/22 година, до наставнички совет на училиштето доставени се 15 приговори на ученици по однос на оценки, од кои пет приговори се прифатени од наставнички совет.

# УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирања на наставниците

Во годишните програми на стручната служба, планирани се активности за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Пред почетокот на учебната година на наставнички совет, наставниците се известени за наставните планови и програми и нивни измени и дадени се насоки во планирањата на наставниците да бидат застапени наставни содржини со примена на ИКТ (информатичко комуникациска технологија), користење на современи форми и методи во наставата и содржини од интеграција на еколошкото образование и меѓуетничка интеграција во образованието. За сите наставници во изминатите три години реализирани се обуки на следните теми: за

примена на современи наставни форми и методи на работа, современи концепции за средно образование, современиот наставник и неговите менаџерски улоги во наставата, примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата, реализација на наставата со различни ИКТ средства за учење и други.

Сите наставници изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативен план за наставен час, во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Во тематските планирања наставниците планираат цели, очекувани исходи, користење на ИКТ, активни методи, техники и стратегии, наставни средства и технички помагала, критериуми и стандарди за оценување, еколошки содржини, содржини за меѓуетничка интеграција и друго.

Во училиштето има запишан ученик со посебни образовни потреби-телесни пречки во физичкиот развој, поради што наставникот по предметот спорт и спортски активности изготвува индивидуална образовна програма.

Освен редовната настава, наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава, класен час со содржини од програмата образование за животни вештини, програми за слободните ученички активности и план за родителски средби. Планирањата на наставниците се предаваат во училиштето на почеток на наставната година. Планирањата на наставниците се следат од страна на стручната служба и директорот.

Распоредот на часови го изработува задолжено лице од страна на директорот, во соработка со стручната служба. Поради ограничени просторни услови во училиштето се реализираат блок часови по следните изборни предмети: македонски јазик, информатика и класични јазици. Во училиштето изготвен е распоред за дополнителна и додатна настава и распоред за проектни активности кој е истакнат на видно место.

### 3.2 Наставен процес

Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик, организирана во две смени. Во учебна 2023/24 година, од прва и втора година формирани се по една билингвална паралелка, каде наставата по предметите хемија, историја и географија се реализира на француски и македонски јазик.

Од посетата на часови се констатира дека наставниците ги поттикнуваат, насочуваат и им помагаат на учениците во процесот на учење да го градат своето знаење. Поголем број од наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците. Но поедини наставници при реализација на наставата недоволно применуваат иновативни форми и методи за работа.

Училиштето располага со добар број на нагледни и технички средства по наставните предметите. Училиштето има потреба од обновување и опремување со нови нагледни наставни и технички средства.

Во училиштето има функционално мрежно поврзани компјутери во два кабинети и тоа: во кабинетот по информатика со 40 компјутерски работни места и во кабинетот по физика, опремен со 13 компјутерски работни места. Во училиштето постои интерен распоред за користење на кабинетот по информатика од страна на останатите наставници. За сите наставници училиштето има обезбедено лап топи. Во секоја училница има поставено smart-TV приемник.

Од посетените наставни часови се констатира дека наставниците при реализација на наставата користат информатичка компјутерска техника. Во училиштето има интернет конекција.

Наставата по наставниот предмет спорт и спортски активности се реализира во училишна спортска сала, опремена со спортски справи и спортски реквизити.

За ученикот со телесни пречки во развојот, наствата по предметот информатика се одвива on-line, од кабинетот по информатика, преку Google Meet Room, а по спорт и спортски активности се работи по изготвен индивидуален образовен план за ученик.

Задачите што се работат во училиште и задачите што се задаваат за дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.

Во годишната програма за работа на училиштето, планирана е дополнителната и додатната настава, како и вонаставните активности. Во училиштето постои распоред за дополнителна и додатна настава истакнат на огласна тапла.

Од посетата на часови се констатира дека мотивираноста кај учениците за време на наставата како и нивната меѓусебна интеракција е добра. Најголем број од наставниците имаат позитивен приод кон учениците и обратно. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање.

Во годишната програма за работа на директорот и стручната служба, планирани се активности за посета на часови. Воспитно-образовната работа во училиштето се следи од страна на директорот и стручната служба. Секој наставник од страна на директорот или стручната служба е посетен на час најмалку два пати во текот на учебната година. За остварениот увид од следењето на наставниот процес се води евиденција, при што на наставниците им се дава повратна информација, најчесто непосредно по извршениот увид. Постојат индикатори за посета на час, со повратна информација до наставникот.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Училниците во кои учат учениците ги исполнуваат условите за изведување на настава согласно Норматив за простор и опрема. Учениците ги доживуваат училниците како стимулирачка и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училниците се соодветни спрема бројот на ученици, се опремени со соодветен инвентар, опремени со основни нагледни средства и технички помагала, а трудовите и изработките на учениците се истакнати на видни места во ходниците на училиштето.

Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со наставата и надвор од неа. Со помош и поддршка на училиштето и наставниците, учениците учествуваат на различни манифестации, локални настани и натпревари на државно и меѓународно ниво.

Од посетата на наставни часови, се констатира дека наставниците за време на реализација на наставата, на различни начини ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да преземаат одговорност и да знаат да поставуваат прашања. Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и нивното мислење се зема во предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците преку ученичката заедница вклучени се во многубројни активности кои ги реализира училиштето.

Училиштето на учениците им дава можност да ги остварат своите афинитети и најголемиот број ученици заеднички работат на различни проекти и низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Потребите на учениците се идентификуваат од страна на стручната служба и од наставниците во текот на наставниот процес и превземаат активности за нивно остварување односно за нивно странување.

Стручната служба континуирано работи на идентификување на образовните потреби на учениците, стиловите на учење и други интереси на учениците, преку спроведување на анкети за ученици, работилници и предавања, советувања-индивидуални и групни, соработка со наставници, родители и други институции.

Поголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со кои им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да постигнат најдобри резултати.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Следењето и оценувањето на учениците се планира во тематското планирање и во оперативниот план за наставен час. Наставниците користат различни техники на оценување, каде учениците се вклучуваат во оценувањето. На наставнички совет и на стручни активи се разговара за стандардите на оценување, а за истото се запознаени учениците и нивните родители. Оценувањето на учениците е континуирано и навремено, јавно и истото е евидентирано во дневниците на паралелка (е-дневник).

Секој наставник во годишните и тематските планирања има изготвено критериуми за оценување на постигањата на учениците.

Во целост се почитува законската одредба за информирање на родителите за оцените на учениците во сите периоди на оценување.

Во изминатата учебна година, до наставнички совет доставени се вкупно 15 приговори од страна на ученик односно родител, по однос на оценка од наставник на крај на наставна година, од кои пет се усвоени а останатите не се прифатени.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Во текот на учебната година, за постигнатиот успех на учениците на секое тримесечие, родителите се известувани од страна на раководителите на паралелки како и од предметните наставници. За постигнатиот успех, учениците и родителите се известуваат преку евидентни листови, а на крај на наставната годината со свидетелство.

За напредокот на своите деца, родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби (индивидуални, групни и отворена родителска средба), кои редовно се одржуваат во училиштето, преку органите во училиштето и на сопствена иницијатива и барање.

Од спроведените анкети со родителите се констатира дека најголем број од анкетираните родители се согласуваат дека училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивните деца, им ги кажува добрите страни на нивните деца и каде треба да се подобрат и училиштето на јасен начин им го соопштува успехот што се очекува да го постигнат нивните деца.

Во училиштето редовно се води електронска евиденција (е-дневник) и истата се следи од страна на директорот и стручната служба на училиштето. Од системот на Е-дневник, родителите добиваат СМС пораки за успехот на неговото дете.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е целосно безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените. Училишниот двор е целосно ограден. Училиштето ги има осигурано училишните објекти за што постои и осигурителна полиса.

Училиштето има Правилник за заштита од пожари и експлозии и постои план за евакуација со шематски приказ на просториите во училиштето. Училиштето има изведено симулација на спасување на лица во случај на пожар и други елементарни непогоди и несреќи.

Во училиштето има 11 противпожарни апарати и истите редовно се сервисираат. Во училишниот двор инсталирани се два хидранти и осум хидранти во спортската сала.

Училиштето има обучени пет лица за давање прва помош на лица при несреќи и три лица за ракување со противпожарни апарати, истите поседуваат сертификати. За сите вработени лица реализирана е обука за безбедно извршување на работа.

Во училиштето има куќен ред и кодекс на однесување на сите структури. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите. Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во училиштето не се регистрирани случаеви на психичко и физичко малтретирање на ученик или друго вработено лице и не постои меѓунационално нетрпение меѓу учениците.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во таа смисла училиштето организира предавања за штетноста на пушењето, консумирањето на алкохол и последиците од користењето на дрога и други наркотични средства. Во училиштето не се пуши и не се доаѓа во алкохолизирана состојба.

Пристапите до училишниот објект во приземјето и во спортската сала се приспособени за потребите на лица со телесни пречки во развојот. Училиштето има обезбедено тоалет за лица со телесни пречки.

Училиштето им дава поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. Во изминатиот период реализирани се акции за доброволна донација на храна, облека и училишен прибор и истата е доделена на ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето во соработка со локалната заедница и други институции како: ЦСР, Ротари клуб-Битола, бизнис секторот, обезбедува парични и материјални средства за ученици од социјално загрозени семејства.

## 4.2. Здравје

Одржувањето на хигиената во училишниот објект и спортската сала е добра. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во сите училници и ходници поставени се корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Тоалетите за наставниците и учениците се чистат во секое време од денот. Училниците, скалите, ходниците и останатите простории се чистат најмалку еднаш во денот, а мебелот и другиот инвентар еднаш во полугодие. Училишниот двор се оградени и е чист од секаков вид на отпадоци.

Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи за учениците и санитарни и здравствени прегледи на вработените. На почеток од учебната 2023/24 година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција на училишниот објект.

Со учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, наставниците и педагошко-стручната служба редовно контактира и соработуваат со нивните родители, како и со другите релевантни институции. Училиштето дава насоки за постапување на наставниците и стручните соработници по однос кога ученици подолго време отсуствуваат од редовната настава. Секој наставник потребно е писмено да достави известување за времето на отсуство од настава и изготвен план за реализација на изгубените часови.

Севкупната грижа за здравјето на учениците, хигиената и заштитата од болести е добра.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето дава помош на учениците при избор во понатамошното образование, преку индивидуални разговори на стручната служба со учениците, со реализација на јавни часови и јавни настапи во градот и пошироко и организирани посети на претставници од факулететите. Во училиштето формиран е кариерен центар со одговорен наставник и изготвена годишна програма за работа. Во текот на наставната годината се одржуваат состаноци со ученици од завршните години, на кои се дискутира, се вршат интерфјуа и се спроведуваат тестирања за професионален развој. Стручната служба во соработка со факултетите организира презентации и посети на учениците со цел нивно запознавање со програмите и стручните квалификации за понатамошно образование.

Во годишните програми за работа на стручната служба, планирани се активности за советување на ученици и родители, кои имаат најразлични видови на потешкотии со што се опфаќаат и учениците со емоционални потешкотии. Училиштето во соработка со родителите при вакви ситуации помага или ги упатува учениците до релевантни здравствени и социјални институции.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат редовна и уредна евиденција за напредокот на учениците за секое тримесечие, полугодие и на крајот на учебната година.

Во училиштето постојат евидентни листови за секој ученик, со кои се следи успех и поведението на учениците.

Во училиштето постојат извештаи за успехот и поведението на учениците, врз основа на кои се изготвуваат анализи за напредокот на учениците по паралелки и години. Изготвените извештаи и анализи по паралелки, по предмети и години се доставуваат на увид до стручната служба, раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и ученици. Резултататите од анализите се користат за подобрување на воспитно образовниот процес.

# 5. Училишна клима

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола, е препознатливо по високиот квалитет на работа на наставниците и постигањата на учениците, реномето што го има со години како најдобро средно училиште во градот и пошироко, добрата клима и односи во училиштето, високиот квалитет на учење и настава што го нуди и бара од своите ученици, како и успехот на голем број ученици што го постигнуваат по завршување на средното образование.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од ученици и дел од родителите во училишниот живот.

Училиштето е инклузивно. За еден ученик со физичка попреченост постигнати се сите услови за непречено следење на настава.

Наставниот кадар е почитуван од страна на учениците и родителите. Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата. Наставниците и стручните соработници сметаат дека меѓусебната професионална соработка е многу добра, како на ниво на стручни активи, така и на ниво на училиште. Во училиштето има пракса секој ден во 12 ч. да се одржи средба на директорот, со стручната служба и административниот персонал, каде се споделуваат информации и се разменуваат искуства. Со наставниците, директорот се среќава неформално на голем одмор. Учениците и вработените во голема мера се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Има примери каде училиштето го сметаат за „бренд“ на градот.

Училиштето има изготвено куќен ред и кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Истите се истакнати на видни места во училиштето. При тоа училиштето води сметка тие правила и насоки да бидат прифатени и применети од учениците и вработените, како во училиштето така и надвор од него. Училиштето располага и со Кодекс на однесување на ученици и наставници за време на екскурзија или друга воннаставна активност.

Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Училиштето преку своите програмски документи и низа активности (предавања, работилници и др.) води политика на почитување на разликите по основ на етничка припадност, пол и верска определба. Вработените ги поучуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Директорот, стручните соработници и повеќето наставници постојано одржуваат поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување кон учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Поведението и дисциплината во училиштето се многу добри. Минатата учебна година сите ученици биле со примерно поведение.

Најголемиот број ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. За време на одморите по одреден распоред

наставниците дежураат по ходници. На голем одмор одговорен ученик пушта музика на училишниот разглас. Во училниците, дежурните ученици секојдневно пополнуваат образец за евиденција на штети и хигиена во паралелката. Во училиштето постои распоред на групите на ученици, заради поделеност на паралелките по подрачја, а во однос на изборни предмети и проектни активности, кој е поставен на видно место и истиот се почитува. За време на часовите сите ученици ги исклучуваат своите мобилни телефони ги оставаат во посебна кутија, на масата од наставникот. Со тоа во голема мера се постигнува ред на часот.

Наставниците сметаат дека учениците брзо се прилагодуваат на високо поставените критериуми на учење и поучување, на начинот на оценување како и односот на наставниците кон учениците. Постои појава на мал број примери на ученици во прва година, кои имаат потешкотии во совладување на сите поставени цели во училиштето. Но, за ова стручната служба во соработка со класните раководители навреме и успешно презема соодветни мерки.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување во училиштето. Задоволни се од работната атмосфера која се обезбедува за време на наставата и вонннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училишниот објект, за време на одморите, за време на нивното доаѓање и заминување од училиште. Најголемиот број наставници и ученици сметат дека учениците се однесуваат учтиво и соработуваат меѓусебно и со наставниците.

Најголемиот број од вработените се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Стручните соработници и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите.

Младинскиот актив е демократски формиран на сите нивоа, и брои 48 ученици. Има своја програма и е доста активен. При тоа има поддршка од училишниот педагог. Во училиштето се избрани тројца ученици-правобранители, кои се вклучени во различни активности од интерес на учениците и остварување на нивните права и обврски. Минатата учебна година младинскиот актив добил државна награда за „Најгласна ученичка заедница“. Во холот на училиштето има кутија за пофалби и поплаки, кои ги разгледуваат повремено учениците-правобранители и преземаат мерки и активности по истите. Учениците сметаат дека се вклучени во донесувањето на одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес, најчесто за вонннаставните активности. Повеќето ученици сметаат дека навремено и целосно се информирани од младинскиот актив за сите работи што се од нивен непосреден интерес и се вклучени во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Училишната клима и односите во училиштето се многу добри.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар вклучувајќи го и органот на раководење успешно ја организира средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.

Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишниот web-site (http://gimnazija-jbt-bitola.edu.mk), училишниот весник „Нова Веда“ и преку фејсбук профилот на училиштето, локални портали и медиуми, на државни тв-канали, радио и портали, како и преку учество на учениците на разни натпревари, конкурси, хуманитарни,

културни акции и други вонаставни активности. Училишните постигања се објавуваат повремено и на официјалната страна на општина Битола.

Училиштето е единствено средно училиште во државата и пошироко кое располага со училишно радио (Youthradiomk – младинско радио во етер), односно има опремено студио во кое учениците со помош на наставникот по македонски јазик и литература, снимаат подкасти. Овие подкасти одат на Instagram, Facebook и Youtube. Содржините се со теми од училиштето, теми интересни за младите („Наша приказна“, „Светот на младите“ и др.) Со ова училиштето се промовира во интернет-просторот.

Училиштето е збратимено со три средни училишта од Франција, со едно од Белград, Р. Србија и со едно средно училиште во Германија. Со средно училиште од Кипар остварува активности преку проектот „Еразмус+“. А со гимназија од Тирана, Р. Албанија преку проектот RYCO-Superschools, е партнер-училиште. На овој начин, преку on-line контакти и размена на ученици СОУ Гимназија „Јосип Б. Тито“ - Битола врши промовирање во име на училиштето и државата.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. При ова голема улога имаат децата правобранители. Се организираат работилници и со родителите за да ги запознат со правата на децата.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците. Еднаквоста и правичноста меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот се зацртани во програмските документи на училиштето. Истите се промовираат преку предавања, работилници и други активности. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во рамките на училиштето и пошироко. Како пример, истите истакнаа дека постои правичност при изборот на ученици во вонаставните активности.

Училиштето го промовира и прифаќа мултикултурализмот најпрво преку своите активности со партнер-училиштето СОУ „Ибрахим Тема“- Струга, кои се спроведуваат во рамките на МИМО проектот. Со хетерогени групи од ученици од училиштето и ученици од партнер училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во татковината, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Сите наставници во своите тематски планирања планираат и реализираат МИО активности.

Истотака, училиштето е доста отворено за соработка со училишта надвор од Р. Македонија. При ова, учениците и наставниците ги промовираат и почитуваат принципите на мултикултурализмот.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи што поголем број родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од вонаставните активности.

Соработката со најголемиот број родители, училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во Училишен одбор. Советот на родители е активен и има своја програма за работа. Има примери на повремени иницијативи од страна на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето организира термини по даден распоред за средби на родителите со наставниците. Постојат мал број примери на притисок од страна на родителите врз наставниците, во однос на оценувањето.

Училиштето доста активно е вклучено во животот на општина Битола, преку спроведување на многубројни заеднички активности, во соработка со голем број јавни установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Особено треба да се истакни соработката со општина Битола, КИЦ-Битола, НУ Библиотека, МКЦ, Народен театар-Битола, Центар за култура-Битола, Центар за јавно здравје-Битола, Центар за социјални работи, Француска Алијанса-Битола, претставници на француската амбасада, „American corner“- Битола и претставници на американската амбасада, италијанската амбасада, и др.

Училиштето добро соработува со деловната заедница од Битола во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на вонаставните активности. Таков е примерот со: „Графопром“, „Пелистерка“, „БВ инжeнеринг“, „Еурофарм“, „Ротари-клуб“, и др. Училиштето соработува и со НВО „Сфера“, Здружение за млади „YMKA“, Коалиција „СЕГА“, Собрание на РСМ, Бизнис-комората и др.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

# РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училиштето е лоцирано на адреса ул.Булевар 1-ви Мај бр.51-Битола во централното градско подрачје. Наставата во училиштето се реализира во еден училишен објект, на три спрата, кој е под заштита на Управата за заштита на културното наследство.

Училишната зграда е од тврда градба, со вкупна површина од 2.855м². Училиштето располага со 12 училници, три кабинети (информатика, хемија и физика), просторија за презентација, библиотека, три административни простории, кариерен центар и просторија за помошно-техничкиот персонал. Училиштето има недостаток од училишен простор за реализација на дополнителна, додатна настава и за вонаставни активности. Во изминатиот период извршена е замена на надворешната дограма и реконструкција на фасадата на училишниот објект. Извршена е реконструкција на внатрешните скали, замена на електричната инсталација, спуштање на таваните и поставување на ново лед осветлување, реконструкција на ѕидовите со нов малтер, извршена е санација на подовите во училниците, а во ходниците поставен е нов под од плочки. Паралелно со реконструкцијата на објектот, набавени се лаптопи за наставниот кадар и стручната служба и нова опрема за кабинетот по информатика. Со средства од општина Битола набавени се нови клупи и столчиња, поставени се нови закачалки во училниците, извршено бојадисување на сите внатрешни ѕидови, во ходниците поставени се модерни клупи и друго. Ѕвонењето за почеток и крај на часот е со електронски раководено ѕвонче. Внатрешната столарија (врати) е дотраена и потребно е нејзина замена. Затоплувањето во објектот е со парно греење на нафта.

Спортската сала е една од најсовремено опремените училишни спортски објекти во градот која располага со терени за кошарка, ракомет и одбојка, како и услови за изведување на други спортови. Училишната зграда е поврзана со училишната спортска сала со покриен коридор.

Училишниот двор е хортикултурно уреден. Во училишниот двор има училница за настава на отворено. Поставени се нови клупи за учениците и паркинзи за велосипеди. Пред главниот влез на училиштето кон булеварот, поставена е заштитна преграда.

Училишниот простор е ограден, а дворот од задната страна е асфалтиран, но постои потреба од доуредување на задниот двор.

Во училишниот двор има мала зграда која не е во употреба. По иницијатива на училишниот одбор, планирани се активности за реконструкција и пренамена на објектот во училници.

Просторните капацитети се максимално искористени. Во училиниците има доволно простор т.е. има ергономски услови за настава, бидејќи паралелките бројат помалку од 30 ученици.

## *6.2* Наставни средства *и* материјали

Училиштето располага со потребниот број нагледни средства и други технички помагала. Во училиштето има 58 компјутерски работни места за потреби на наставата и тоа: во информатичкиот кабинет 40 работни места и во кабинет по физика-13 работни места, за подготовка на наставниците-5 десктоп компјутери. За учениците се обезбедени 35 таблети и 45 лаптопи за наставниците и струлната служба. Сите училници и кабинети се опремени со LED телевизори со HDMI-кабел, поврзани со лаптоп на наставникот и со вѕидан кабел за интернет. Во една училница има поставено SMART табла. Освен тоа, училиштето добро рапсолага со принтери и друга помошна технологија и потрошен

материјал. Во училиштето има кабелски и безжичен wi-fi интернет во целиот училишен простор.

Кабинетот по информатика е целосно опремен. Исто така кабинетот по физика е добро опремен со КТ, апарати и друга опрема. Постои потреба од доопремување на кабинетот по хемија со апарати и друга опрема и негово инфраструктурно уредување.

За потребите на училишниот бенд набавена е музичка опрема. Во училиштето има студио кое со донација на американската амбасада е опремено со опрема за снимање на подкасти (микрофони, звучници, појачало, миксета, компјутер, печатач и др.) За потребите по ликовна уметност набавени се штафелаи и друг потрошен материјал.

Училишната библиотека е уредна и опремена со неопходен инвентар, располага со читална, компјутер и има интернет сигнал. Библиотеката располага со: 9739 наслови и 3000 наслови стручна литература. Работното време на библиотеката е истакнато на влезот, и е во две смени т.е. има три библиотекари, кои имаат програма за работа. Евиденцијата во библиотеката се води само писмено, но не и електронски. Работата на библиотеката ја помагаат учениците од библиотекарската секција.

Во текот на наставната година се вршат набавки на потрошен материјал, кои добро ги задоволуваат реалните потреби на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

Во учебната 2023/24 година, во училиштето вработени се вкупно 50 наставници, од кои 39 наставници се на неопределено работно време, а 11 наставници се вработени на определено работно време. За оваа учебна година еден наставник дополнува од друго училиште. За три наставни предмети се ангажирани несоодветни наставници.

Работата на наставниот кадар е потпомогната од помошник директор, кој е и наставник, социолог, педагог и психолог, тројца библиотекари, директор, како и административни службеници секретар и благајник како и помошно-технички лица имтоа: седум хигиеничари, еден хаусмајстор и два ноќни чувари.

За сите наставници и стручни соработници реализирана е обука за работа со деца со посебни образовни потреби. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Стручната служба им помага на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При распределба на кадарот се земаат во предвид квалитетите, искуството и експертизата на наствиниците. Од вработените наставници седум наставници се со звање магистер, а едно лице есо звање доктор на наука. При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативите за наставен и стручен кадар.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган. Во случаи на отсуство на наставник се наоѓа соодветна замена.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето континуирано се следат потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето има план за професионален развој на наставниците и стручните соработници со конкретни активности. Наставниците поседуваат лични планови за професионален и кариерен развој.

Во учебната 2023/24 година има три наставници-приправници и за истите има определено ментор и изготвено програма.

Од увидот во професионалното досие на наставниците се констатирани добар број на реализирани обуки кај повеќето наставници. По реализираните обуки и семинари во училиштето се вршат дисеминации. Наставниците имаат портфолија и навремено ги ажуруваат секоја учебна година.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето секоја година донесува финансиски план како и извештај за финансиското работење на училиштето со одлука на Училишниот одбор.

Училиштето располага со сопствената сметка-787 на која има прилив на средства од издавање под закуп на училишен простор (спортска сала, поставување на апарати за топли напитоци) како и од полагање на мал број на вонредни ученици.

Училиштето врз основа на добиена Согласност за издавање на училишен простор под закуп-училишна спортска сала од Градоначалникот на Општина Битола бр.41-251/3 од 06.09.2023 год. има склучено договори за закуп на училишен простор-фискултурна сала со РК „ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР“ А.Д. Битола и со РАКОМЕТЕН КЛУБ БИНДА-Битола, како и договор за поставување на автомати за кондиторски производи и автомат за топли напитоци со ДООЕЛ „Железничар“- Битола.

Училиштето има сметка (785) за донации за „Еразмус“ проектот.

Во училиштето има формирано комисија за јавни набавки. Истата спроведува јавни набавки од мала и голема вредност. Во училиштето има едно лице со лиценца за јавни набавки. Финансиското работење е транспарентно и домаќинско.

# 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Управувањето со училиштето е добро. Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците, како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Членовите на УО се со легитимен мандат, но немаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО е наставник. Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Работењето на училишниот одбор е транспарентно. Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

Раководењето на училиштето е многу добро. Успехот на ова училиште е и успех на претходните директори. Директор на училиштето, како раководен орган има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става меѓусебното почитување и соработка, подобрувањето на условите за работа на училиштето, обуки за наставниот кадар, транспарентност и правичност во сите сегменти на работа, поголема соработка со родителите и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано пред се на тимска работа и во таа насока донесува одговорни и амбициозни одлуки. Во последниот три годишен период е постигнат голем успех во правец на инфраструктурни подобрувања, како и одржување на високиот углед на училиштето.

Работата на директорот е помогната со помошник-директор.

## 7.2. Креирање на училишната политика

Развојните цели и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Развојните цели на училиштето се зацртани во развојниот план на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во креирањето на училишните образовни политики се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини).

Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат.

Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето (2019-2023). Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување. Во моментот на интегрална евалуација училиштето е во фаза на изготвување на нова развојна програма.

## Наоди и препораки

### Јаки страни

- Реализација на голем број на меѓународни проекти и активности со вклученост на ученици и наставници.
- Реализацијата на воннаставните активности се многу добри.
- Постигањата на учениците се многу добри.
- Стручната служба е целосно екипирана и дава целосна и навремена поддршка на наставниците во процесот на планирање на воспитно-образовната работа.
- Поголем број наставници користат разновидни адекватни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците.
- Добри услови за реализација на наставата по спорт и спортски активности.
- Најголемиот број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање.
- Севкупната грижа за учениците е добра.
- Училиштето има висок углед и имиџ во градот и пошироко,
- Училишната клима и меѓучовечките односите во училиштето се добри.
- Поведението и дисциплината на учениците се многу добри,
- Промовирањето на постигањата на учениците се многу добри.
- Постигнат е значителен напредок во подобрување на просторните услови и опремување со нагледни наставни и технички средства.
- Соработката на училиштето со локалната и деловната заедница е многу добра.
- Раководењето на училиштето е многу добро.

### Слаби страни

- Недостаток на училишен простор.
- Внатрешната столарија на училишниот објект (врати) е стара.
- Училиштето нема обезбедено обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување**.**

### Препораки

- Училиштето во соработка со општината да превземе активности за обезбедување на дополнителен училишен простор (реконструкција на стар објект).
- Училиштето да превземе активности согласно финансискиот план за обезбедување на финансиски средства за реконструкција на внатершната столарија (врати) на училишниот објект.
- Училиштето да преземи мерки и активности за организирање на обуки за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување.

| | |
|---|---|
| Илија Илиески, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Весна Корлевска, Инспектор | |
| Кочо Прчковски, Инспектор | |